РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 07-7481/5
31.10.2005 год.
КРУШЕВО

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комунални такси ("Сл.весник на Р.М." бр.61/2004), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М" бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.29/2003), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.10. 2005 година, донесе:

# О Д Л У К А
***за висината на комуналците такси во Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси во Општина Крушево, во рамките утврдени со Законот за комунални такси.

**Член 2**

Комуналните такси се плаќаат според следнава тарифа:

## ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

**Тарифен број 1**

За фирма, односно назив на:

а) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност 1.600,00 денари

б) деловни простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ 400,00 денари

в)деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000,00 денари 6.000,00 денари

- деловни простории на правни лица од комуналните дејности 3.000,00 денари
- деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено 3.000,00 денари

**Тарифен број 2**

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба – днесно 20,00 денари

Наплатата на таксата ја вршат угостителските, туристичките и други правни лица, други даватели на угостителски и туристички услуги, физички лица кои вршат угостителска и туристичка дејност.

Давателите на услугите, наплатената такса ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

**Тарифен број 3**

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од м² дневно — 10,00 денари

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

3) 840-140-03231 717-131

**Тарифен број 4**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до седум дена — 500,00 денари
- до 30 дена — 1.000,00 денари
- до една година — 1.300,00 денари

4) 840-140-03252 717-132

**Тарифен број 5**

За користење на музика во јавни локали

- годишно — 4.000,00 денари

5) 840-140-03294 717-133

**Траифен број 6**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејнот — 700,00 денари
- за правни лица од областа на производството, прометот и услугите — 1.500,00 денари

6) 840-140-03301 717-134

**Тарифен број 7**

За користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м² дневно — 5,00 денари

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

7) 840-140-03317 717-135

**Тарифен број 8**

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

- паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта дневно — 15,00 денари
- по саат — 10,00 денари
- паркирање на товарни моторни возила и автобуси – дневно — 50,00 денари
- паркирање на приколки – дневно — 20,00 денари

Наплатата на таксата ја врши праното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг – плацот и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

8) 840-140-03322 717-136

**Тарифен број 9**

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика 40,00 денари
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика 60,00 денари
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика 80,00 денари
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика 250,00 денари
- за патнички возила над 1800 кубика 400,00 денари
- за товарни возила по тон носивност 100,00 денари
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници 450,00 денари
- за специјани возила 50,00 денари
- за сите видови мотоцикли 50,00 денари

Наплата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

717-115

9) 840-140-03273

**Тарифен број 10**

За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 КВ ч. за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатата за таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Крушево.

717-116

10) 840-140-03259

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Благоја Благадуша**